Референтен број: SMS MKD MCP 01/2026

Датум: 26.05.2026

# УПАТСТВО ЗА АПЛИКАНТИ

## Мали грантови за продукција на медиумска содржина

## 1. ПОЗАДИНА И ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Проектот SMS Facility – Поддршка за малите медиуми од Западен Балкан ги повикува медиумите кои ги исполнуваат критериумите на овој повик да поднесат апликации за финансиска поддршка во рамки на грантовата шема Мали грантови за продукција на медиумски содржини. Оваа иницијатива има за цел да го унапреди независното и квалитетно новинарство преку поддршка за локалните медиуми во Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија) за продукција на привлечна, кредибилна и влијателна медиумска содржина.

Грантовите се наменети да им овозможат на малите и локалните медиуми да развијат висококвалитетно новинарство од јавен интерес и да ја зајакнат нивната улога во медиумскиот екосистем на Западен Балкан.

**Цели на шемата „Мали грантови за продукција на медиумска содржина“**

Финансиската поддршка обезбедена преку овој јавен повик има за цел да ги постигне следните цели:

1. Да се подобри квалитетот и професионалноста во продукцијата на медиумски содржини кај локалните и малите медиуми.
2. Да се поттикне истражувачко и in-depth новинарство кое обработува критични локални и регионални прашања.
3. Да се поддржи создавањето мултимедијални содржини (видеа, поткасти, дигитален сторителинг) со цел зголемување на ангажираноста на публиката.
4. Да се унапреди разновидноста и инклузивноста во медиумското известување, што вклучува и содржини со родова сензитивност и фокус на малцински групи.
5. Да се промовира новинарство засновано на факти и етички стандарди како средство за спречување дезинформации и медиумска манипулација.

## 2. ФИНАНСИСКА РАМКА

Вкупниот финансиски износ достапен преку овој јавен повик изнесува 210.000 евра, кои ќе бидат распределени меѓу избраните мали медиуми кои делуваат во регионот на Западен Балкан. Максималниот износ по грант изнесува 7.000,00 евра.

Грантот ќе покрие до 100% од прифатливите трошоци на предложениот проект, што значи дека апликантите не се обврзани да обезбедат ко-финансирање. Меѓутоа, се охрабруваат медиумите да

прикажат дополнителни извори на финансирање или ко-финансирање за да ја зајакнат одржливоста на своите иницијативи. Ко-финансирањето не може да надмине 40% од вкупниот буџет потребен за реализација на проектната идеја.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО

### 3.1. Подобност на апликантите

За да влезат во конкуренција за финансирање преку овој Јавен повик за мали грантови за продукција на медиумски содржини, апликантите мора да ги исполнуваат **сите** задолжителни критериуми:

Правен статус:

Апликантот е мал медиум регистриран како:

- Компанија (на пр. компанија што поседува медиум или медиумска компанија), **или**
- Граѓанска организација (ГО) која поседува медиум

Финансиски статус

Апликантот имал максимален годишен обрт од 100.000 евра во 2025 година.

Вработени

Апликантот имал помалку од 7 вработени со полно и/или скратено работно време во 2025 година.

Датум на регистрација

Апликантот е регистриран најдоцна до 31 декември 2025 година.

Географска местоположба

Апликантот е со седиште во една од подобните земји (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија или Србија), по можност надвор од големите урбани центри.

Импресум

Медиумот во сопственост на апликантот има јавно достапен импресум, кој ги содржи најмалку следниве информации: сопственик на медиумот, уредник или уредници, адреса и информации за контакт.

Членство во платформата SMS Facility

Апликантот е регистриран на Community секцијата на онлајн платформата (https://community.journalift.org/) и ја има пополнето Алатката за проценка на ранливоста на медиумите (MOVAT) пред аплицирањето (достапна исто така на онлајн платформата)

Апликантите кои веќе се регистрирани на платформата се должни да ги прегледаат и ажурираат информациите за својот профил, вклучувајќи ги деталите за контакт, земја од која доаѓаат, податоците за организацијата/медиумот и релевантните документи. Доколку кандидатот претходно го пополнил MOVAT, мора или повторно да го пополни или да ги ажурира своите

претходни одговори пред да аплицира за да се осигури дека проценката ја одразува моменталната состојба и потребите на медиумот.

**3.2. Подобни активности**

**3.2.1. Вид на активности**

Апликантите мора да предложат активности кои се усогласени со целите на Мали грантови за продукција на медиумски содржини, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на:

- Продукција на медиумски содржини
- Унапредување на стратегиите за дистрибуција на содржини и ангажираност на публиката

Следните видови активности не се подобни за финансирање:

- Конференции и слични настани
- Активности поврзани со политички партии или активности од политичка/партиска или религиозна природа
- Активности за кои е докажано дека создаваат или промовираат дезинформации или манипулативни информации во општеството

**3.2.2. Период на траење**

Сите проекти финансирани преку овој повик за Мали грантови мора да се реализираат во рок од најмногу 12 месеци од датумот на потпишување на договорот.

**3.2.3. Видливост**

Апликантите мора да ги преземат сите потребни чекори за да го истакнат фактот дека ЕУ го финансира или кофинансира нивниот проект.

**3.2.4. Број на апликации по апликант**

Апликантот не смее да поднесе повеќе од една апликација во рамки на овој Јавен повик. Апликантите не можат да добијат повеќе од еден договор во рамките на Проектот SMS Facility, без разлика на видот на грантовата шема.

**3.3. Подобност на трошоци**

**Подобни трошоци**

- Плати на вработените (персонал кој не произведува медиумска содржина) и оперативни трошоци – до 20%.
- Сите други трошоци што придонесуваат за производство на медиумска содржина, подобрување на дистрибуцијата на содржината и стратегиите за ангажирање на публиката на медиумската куќа.

**Неподобни трошоци**

- Набавка на опрема
- Долгови и трошоци за сервисирање на долговите (камати)
- Провизија за загуби или потенцијални идни обврски
- Двојно финансирање
- Загуби од девизни курсеви
- Бонуси вклучени во трошоците за вработени
- Негативни камати наплатени од банки или други финансиски институции
- Кредит кон трети лица

**3.4. Етички клаузули и кодекс на однесување**

а) Отсуство на судир на интереси

Апликантот не смее да биде под влијание на каков било судир на интереси и не смее да има никаква слична врска во тој поглед со други апликанти или страни вклучени во постапката. Секој обид од страна на апликантот да дојде до доверливи информации, да склучи незаконски договори со конкуренти или да влијае врз комисијата за евалуација или договорната страна во текот на процесот на разгледување, разјаснување, евалуација и споредба на апликациите, ќе доведе до отфрлање на неговата апликација и може да резултира со административни санкции согласно важечката финансиска регулатива.

б) Почитување на човековите права, како и на законодавството за заштита на животната средина и основните работнички стандарди

Апликантот и вработените мора да ги почитуваат човековите права. Конкретно, во согласност со применливиот акт, апликантите на кои им се доделени договори мора да го почитуваат законодавството за заштита на животната средина, како и основните работнички стандарди, согласно со тоа како се дефинирани во релевантните конвенции на Меѓународната организација на трудот (на пр. конвенциите за слобода на здружување и колективно преговарање, укинување на принуден и задолжителен труд, укинување на детски труд)

в) Нулта толеранција за сексуална експлоатација, злоупотреба и вознемирување:

Европската комисија применува политика на „нулта толеранција" во однос на секое неправилно однесување кое има влијание врз професионалниот кредибилитет на апликантот.

Физичко малтретирање или казнување, или закани со физичко малтретирање, сексуално злоупотребување или експлоатација, вознемирување и вербална злоупотреба, како и други форми на заплашување се забранети.

г) Антикорупција и спречување на поткуп

Апликантот е должен да се придржува до сите важечки закони, прописи и кодекси поврзани со спречување на поткуп и корупција. Договорната страна го задржува правото да го суспендира или откаже финансирањето на проектот доколку се откријат коруптивни практики од каков било вид, во која било фаза од постапката за доделување или за време на спроведување на договорот и доколку договорниот орган не преземе соодветни мерки за отстранување на ситуацијата. За целите на оваа одредба, под „коруптивни практики" се подразбира понуда на мито, подарок, награда или провизија на кое било лице,

како стимуланс или награда за вршење или воздржување од вршење на дејство поврзано со доделување на договор или со спроведување на веќе склучен договор со договорниот орган.

д) Невообичаени комерцијални трошоци

Апликациите ќе бидат одбиени или договорите раскинати доколку се утврди дека доделувањето или спроведувањето на договорот довело до невообичаени комерцијални трошоци. Таквите невообичаени комерцијални трошоци се провизии кои не се наведени во главниот договор или не произлегуваат од правилно склучен договор што се поврзува со главниот договор, провизии кои не се платени како надомест за реална и легитимна услуга, провизии пренасочени кон даночен рај, провизии платени на примател кој не е јасно идентификуван или провизии платени на компанија која очигледно претставува параван фирма.

Корисниците на грантови кај кои е утврдено дека платиле невообичаени комерцијални трошоци во рамки на проекти финансирани од Европската унија, зависно од сериозноста на утврдените факти, може да се соочат со раскинување на нивните договори или со трајна забрана за добивање средства од ЕУ/ЕДФ (Европски регионален развоен фонд)

f) Непочитување на обврски, неправилности или измама

Договорниот орган го задржува правото да ја суспендира или откаже постапката доколку се утврди дека постапката за доделување на договор била предмет на сериозно непочитување на обврските, предмет на неправилности или измама. Доколку вакви сериозни непочитувања на обврските, неправилности или измама бидат откриени по доделувањето на договорот, договорниот орган може да се воздржи од склучување на договорот.

## 4 . КАКО ДА СЕ АПЛИЦИРА

### 4.1 Потребна документација за аплицирање

1. Апликациска форма
2. Буџет
3. Придружна документација:
   - Скениран документ за регистрација на апликантот;
   - Скениран акт за основање или статут каде што се видливи статутарните цели на апликантот, доколку тие не се јасно прикажани во регистрациониот документ. Ако се јасни од регистрациониот документ, не е потребно да се испрати актот за основање/статутот.
   - Скениран биланс на состојба и биланс на успех за последната финансиска година, заверени од овластен сметководител и надлежна даночна управа.
   - Скенирани сертификати/награди (доколку има — опционално)

Документацијата од Јавниот повик може да се преземе на следниот линк.

### 4.2. Каде и како да се достави апликацијата

Апликацијата се доставува исклучиво по електронски пат на следната електронска адреса: konkurs@metamorphosis.org.mk.

Сите документи наведени во Секција 4.1 треба да бидат конвертирани во PDF формат и да се испратат како PDF во прилог на електронската порака со која се поднесува апликацијата.

Електронската порака со која се испраќа апликацијата треба да изгледа вака:

Од: [Апликацијата мора да се испрати од официјалната електронска адреса на лицето одговорно за испратениот проектен предлог.]

До: konkurs@metamorphosis.org.mk

Предмет (subject): Референтен број на јавниот повик, име на апликантот (на пр. SMS MKD MCP 01/2026 Прима ДОО)

Тело на е-порака: [Потребно е да се наведат сите документи кои се испраќаат како прилози, во форма на нумерирана листа.]

Доколку документите за аплицирање се преголеми за да се испратат преку една порака со е-пошта, апликацијата може да се испрати во неколку делови, односно преку повеќе пораки со е-пошта. Во тој случај во Предмет (Subject) треба да се наведе следното:

- SMS MKD MCP 01/2026 1/X име на апликантот, каде бројот 1 претставува прва е-пошта, а X претставува вкупен број е-пошти кои се испраќаат како делови од апликацијата (на пример, 1 3 означува прва од вкупно три е-пошти).
- SMS MKD MCP 01/2026 2/X име на апликантот, каде што бројот 2 претставува втора е-порака од вкупниот број испратени е-пораки и така натаму за секоја следна порака.

Потребно е да се испратат онолку е-пораки колку што е наведено во Предмет (бројот X)

Апликациите ќе се сметаат за валидни доколку датумот и времето на прием се во согласност со утврдениот рок. Сите апликации примени по истекот на наведениот рок нема да бидат земени предвид.

Апликации доставени на кој било друг начин (преку стандардна пошта или испратени на други електронски адреси) нема да бидат земени предвид.

**4.3 Краен рок за поднесување на апликации**

Крајниот рок за поднесување на апликации е 25.06.2026. до 23:59:00 часот, средноевропско време.

На апликантите им се препорачува да не чекаат до последниот ден за поднесување на целосната апликација бидејќи зголемениот интернет сообраќај или технички проблеми со интернет конекцијата (вклучително и прекин на електрична енергија и сл.) може да предизвикаат тешкотии при поднесувањето. Проектот SMS Facility не сноси одговорност за никакво доцнење предизвикано од вакви тешкотии.

**4.4 Прашања поврзани со процесот на аплицирање**

Прашања може да се доставуваат преку е-пошта најдоцна 15 дена пред крајниот рок за поднесување на апликации, на следните електронски адреси, со јасно назначување на референтниот број на повикот за проекти:

Електронска адреса: konkurs@metamorphosis.org.mk

Нема обврска да се дадат појаснувања на прашања доставени по овој датум.

Одговорите ќе бидат испратени најдоцна 9 дена пред рокот за поднесување на апликации.

За да се обезбеди еднаков третман на апликантите, Проектот SMS Facility не може да дава претходно мислење за нивната подобност или активности.

Нема да се даваат поединечни одговори на поставените прашања. Сите прашања и одговори, како и други важни информации за апликантите во текот на процесот на евалуација, ќе бидат објавени на веб-страницата https://community.journalift.org/. Затоа, се препорачува редовно да се консултира горенаведената веб-страница за да бидете информирани за објавените прашања и одговори.

## 5. КРИТЕРИУМИ И МЕТОДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Табелата за оценување на проектниот предлог е поделена на 5 секции, кои содржат критериуми оценувани од 1 до 5. Најниската оцена е 1, а највисоката е 5.

| **1** | **РЕЛЕВАНТНОСТ** | **Оцена** |
|---|---|---|
| **1.1.** | Проектниот предлог е релевантен на целите и приоритетите на Јавниот повик* | 5*2 |
| **1.2.** | Апликантот е лоциран надвор од големите градови. | 5 |
| **1.3.** | Проектниот предлог ги опфаќа конкретните недостатоци во техничката, организациската и оперативната работа на медиумот во сопственост на апликантот. | 5 |
| **1.4.** | Проектниот предлог е релевантен за потребите и проблемите на таргетираната област и ги третира недоволно застапените теми во главните медиуми. Одржани се консултации со заинтересираните страни. | 5 |
| **1.5.** | Проектниот предлог одговара на потребите на целните групи. | 5 |
| **ВКУПНО** | | **/30*** |
| **2** | **ДИЗАЈН НА ПРОЕКТОТ** | **Оцена** |
| **2.1.** | Општите и конкретните цели се јасно дефинирани. Очекуваните резултати од проектот се јасно дефинирани и мерливи. | 5*2 |
| **2.2.** | Постои усогласеност и логична поврзаност помеѓу целите, очекуваните резултати и предложените активности | 5 |
| **2.3.** | Активностите се јасно и детално опишани. Планот на активности е јасен и реален. | 5 |
| **2.4.** | Надворешните ризици и начините за нивно решавање се јасно дефинирани. | 5 |
| **ВКУПНО** | | **/25** |
| **3** | **БУЏЕТ** | **Оцена** |
| **3.1.** | Буџетот е јасно прикажан во Excel табела и во описен текст на поединечните ставки. | 5 |
| **3.2.** | Трошоците се реални и неопходни за спроведување на активностите. | 5 |
| **3.3.** | Ефикасноста на трошоците е висока (соодносот помеѓу трошоците и очекуваните резултати од проектот)* | 5*2 |
| **ВКУПНО** | | **/20** |
| **4** | **ДОДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ** | **Оцена** |
| **4.1.** | Проектот придонесува за еднаквост помеѓу мажите и жените, инклузија на ранливите категории на население и еднаквост на различни основи. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.2.** | Проектот воведува и носи нови иноватини елементи и/или користи примери на добра практика. Проектниот предлог демонстрира иновативни формати на содржина. | 5 |
| **ВКУПНО** | | **/10** |
| **5** | **КАПАЦИТЕТИ** | **Оцена** |
| **5.1.** | Апликантот поседува искуство во имплементација на слични проекти во дадената тематска област, како и во управување со проекти од слична големина. | 5 |
| **5.2.** | Организацијата (апликантот) е транспарентна во својата работа, како и медиумскиот сервис кој го поседува апликантот. | 5 |
| **5.3.** | Луѓето кои професионално се ангажирани во имплементацијата на проектот го имаат потребното знаење и искуство. Организацијата располага со доволен број на вработени кои имаат искуство и знаење во тематската област или обезбедува реален план за обезбедување на капацитетите за време на имплементацијата на проектот. | 5 |
| **ВКУПНО** | | **/15** |
| **ВКУПЕН БРОЈ ПОЕНИ** | | **100** |

*Дуплирање на поени

**5. ЈАВЕН КАЛЕНДАР НА ПОВИЦИ**

| **Клучни чекори во процесот на избор на проект** | **Датум** | **Време** |
|---|---|---|
| Објавување на Јавен повик | 26 мај 2026 | |
| Инфо-сесија https://zoom.us/j/97380180896?pwd=KIaH0qJDUbIa336W5NzmiHZwyJvBhG.1 | 8 јуни 2026 | 11:00 ч. |
| Прашања во врска со Повикот за аплицирање | 10 јуни 2026 | 12:00 ч. |
| Одговори на прашања во врска со Повикот за аплицирање објавени на страницата https://community.journalift.org/ | 16 јуни 2026 | 17:00 ч. |
| **Рок за поднесување на апликации** | **25 јуни 2026** | **23:59 ч.** |
| Известување за доделување на грант* | 25 август 2026 | |
| Потпишување на договори за доделување на грант* | 15 септември 2026 | - |

*Тентативни датуми